**ЗАПИСНИК**
**од единаесеттата седница на Совет на Општина Гевгелија**
**одржана на 29.06.2022 година**

На единаесеттата седница на Советот на општината што се одржа со почеток во 10 часот присуствуваа 19 членови на Советот : Патрик Матх, Миле Атанасов, Ѓорге Попов, Билјана Демерџиева, Елена Хаџи-Николова, Тодор Ристов, Надица Ристовски, Сашко Стојиловски, Софија Тошева-Раманчева, Томе Ќичуков, Слаѓана Стаменковска, Сашко Јанчев, Виктор Кралев, Златко Митров, Елизабета Сивова, Андријана Бегова, Сашко Проданов, Александар Пандовски и Петар Апостолов од вкупно 19 членови колку што брои Советот.

Покрај членовите на Советот на седницата беа поканети и присуствуваа: **Андон Сарамандов Градоначалник на Општина Гевгелија , Павле Биков вработен во ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија**,**Раско Чочков директор на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија , Тони Николов вработен во општината , Димитар Дојчинов вработен во општината, Ирена Томчева вработена во општината, Ристо Ефтимов претседател на Регионална занаетчиска комора, Благој Картов вработен во општината , Стојан Воданов вработен во ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија, Катерина Ризова вработена во општината и Стефан Марковски директор на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев"- Гевгелија.**

Откако констатираа дека постои кворум за полноважно одлучување, Претседателот на Совет ја отвори единаесеттата седница на Совет на Општина Гевгелија.

**Томе Кичуков член на Совет** апелираше до Претседателот на Совет да побара на некоја од наредните седници да присуствуваат пратеничките од општина Гевгелија бидејќи и покрај тоа што на секоја седница уредно се покануваат ниту една од нив нема присуствувано на некоја од изминатите седници на Совет.

**Патрик Матх Претседател на Совет** одговори дека уредно се покануваат на секоја седница и на некоја од наредните седници ќе се предложи точка на Дневен ред каде што ќе се поставaт прашања наменети директно до нив.

Претседателот на Совет го стави записникот од десеттата седница на разгледување.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Совет го стави на гласање записникот од десеттата седица и **Советот едногласно го усвои.**

**Миле Атанасов член на Совет** даде процедурална забелешка во однос на местото за одржување на Седниците на Совет ,и покрај тоа што Советничката

група на СДСМ побарала седниците да се оддржуваат во општинската сала која ги исполнува сите потребни услови бидејќи повеќе нема КОВИД пандемија и се се одвива во најдобар ред , денеска повторно седницата е закажана во салата на народниот театар која не исполнува технички услови за да бидат пренесувани седниците,не се пренесуваат седниците во целост и недостасуваат дискусии . Советничката група на СДСМ на 01.06.2022 поднела барање до општината кој е адресирано до Председавачот на Совет и до Општинската администрација за да се добијат одговори на неколку информации и тоа Информација за превземените активности до денес 01.06.2022 година околу реализација за Програмата за дезинфекција ,дезинскеција и деартизација во општина Гвгелија за 2022 година ,Извештај за издадените градежни дозволи ,одобренија за градба за следните периоди 01.01.2020 до 31.05.2020 ,01.01.2021 до 31.05.2021, 01.01.2022 до 31.05.2022 година,Информација за состојбата со хидрантска мрежа во општина Гевгелија и Барање да се достави важечка систематизација на работни места во Општина Гевгелија.И покрај поднесенето барање сеуште не е добиен одговор па прашањето е зошто Советничката група на СДСМ не доби одгвор по овие прашања и која е причината.Советникот побара од Претседателот да интервенира до службите да се достави одговор по оваа барање до наредната седница и исто така побара на наредната седница да се стави на Дневен ред точка ,Советнички прашања.

**Петар Апостолов член на Совет** апелира да не се оптоварува Советот бидејќи уште се на усвојување на точките од Дневен ред и нека прочитат од СДСМ што значи процедурално ,и процедурална забелешка се дава само кога Претседателот на Совет ја прекршува процедурата и ги замоли советницата да се придржуваат по Деловникот.

**Патрик Матх Претседател на Совет** даде одговор на прашањето за местото на оддржување на седниците ,се направило увид на просторијата во општинската зграда но е увидено дека има проблем со озвучувањето односно микрофоните па токму од тие причини повторно седницата се оддржува во народниот театар. Во однос на барањето доставено од Советничката група на СДСМ ,барањето е проследено до Општинската администрација и ќе биде доставен одговор.

**Тодор Ристов член на Совет** – Во однос на дискусијата на Апостолов советникот образложи дека советникот Атанасов дискутираше за седниците на Совет каде се одржуваат и тоа е процедурална забелешка а во делот на информациите што се бараат прашајте го Атанасов каква беше комуникацијата со Општинската администрација,барањето е доставено на 01.06.2022,кога да му поставиме прашање процедурално кога немаме добиено одговор на барањето 29 дена .Овие прашања се од интерес на граѓаните на општината и колегата

Атанасов ги напомена како процедурална забелешка за да се реализираат дел од нив со помош на претседателот.

**Петар Апостолов член на Совет** - образложи дека советниците имаат право да предложат точка на Дневен ред а не во името на процедурата и многу ми е жал што бевте две ипол години Претседател на Совет но основните параметри на однесување многу слабо ги знаете.

За работа на единаесеттата седница на Совет ,е предложен следниот

**ДНЕВЕН РЕД:**

1.Предлог-Одлука за утврдување приоритет на проект "Пристапен пат до земјоделско земјиште во КО Мрзенци", општина Гевгелија,

2.Предлог-Одлука за давање согласност за намената на инвестицијата"Пристапен пат до земјоделско земјиште во КО Мрзенци", општина Гевгелија,

3.Предлог-Програма за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште во Гевгелија за 2022 година,

4.Предлог-Одлука за донесување на техничка исправка на ГП 3.24 и 3.24а од ДУП Блок 16, донесен со Одлука бр.09-267/1 од 28.01.2022 година, општина Гевгелија,

5.Предлог-Одлука за утврдување потреба за прифаќање на иницијативата од барателот за изработка на Урбанистички проект за КП бр.58/1 КО Мрзенци (барател: Димитрула Ангова од Гевгелија),

6.Предлог-Одлука за утврдување потреба за прифаќање на иницијативата од барателот за изработка на Урбанистички план за село за КП бр.1272/1 КО Серменин (барател: Михаил Делов од Гевгелија),

7.Информација за состојбата со постапувањето по барањата за утврдување правен статус на бесправно изградени објекти во општина Гевгелија,

8.Информација за состојбата со јавното осветлување во населените места во општина Гевгелија,

9.Информација за состојбата со занаетчиската дејност во општина Гевгелија,

10.Информација за состојбата со снабдувањето со вода за пиење во населените места во општина Гевгелија,

11.Предлог-Решение за давање согласност на Кварталниот извештај на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за периодот од 01.01.2022г. - 31.03.2022 год.

12.Предлог-Решение за измена и дополнување на Решението за усвојување на измените и дополнувањата на финансовиот план за 2022 година на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија,

13.Предлог-Решение за давање согласност на Годишниот план за вработување на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија за 2023 година,

14.Предлог-Решение за давање согласност на Годишниот план за вработување на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев"- Гевгелија за 2023 година.

По барање на Градоначалникот како предлагач од Дневен ред се повлекува точката под реден број 8 Информација за состојбата со јавното осветлување во населените места во општина Гевгелија.

Претседателот на Совет отвори претрес по предложениот дневен ред :

**Сашко Стојиловски Член на Совет** – Предложи точката под Реден број 11 Предлог-Решение за давање согласност на Кварталниот извештај на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за периодот од 01.01.2022г. - 31.03.2022 год. да се разгледува како точка под Реден број 1.

**Петар Апостолов Член на Совет-** Процедурално образложи дека Дневниот ред сеуште не е усвоен и од кога ќе се усвои Дневниот ред тогаш можеме да ги подместуваме точките **.**

**Тодор Ристов Член на Совет-"**За да ја запознаеме јавноста и да бидеме на чисто еве ќе зборувам по Дневниот ред и сега да не барам оваа барање кое што го доставивме на 01.06 да биде составен дел од Дневниот ред ќе прочитам дел од Статутот и дел од Деловникот кои се правата и обврски на советницата за да може да слушне јавноста.Вели вака во член 23 од Статутот членот на Советот има право и должности да бара од Администрацијата како и од јавните служби и установи ,претпријатија и други институции основани од општината податоци и други информации за прашања од нивниот делокруг а што му се потребни за работа на Советот.Во делот на Деловникот член 11 вели вака Заради вршење на својата должност членот на Советот има право од Градоначалникот ,Општинската администрација и јавните служби установи , претпријатија и други институции основани од општината да добиваат податоци кои му се потребни за работа на Советот и може да ги добие писмено или усмено.За волја на вистината затоа постојат овие документи некој да ги чита и да не се правиме сите експерти.Бараме до наредната седница овие точки кои ви беа доставени во барањето да ни ги доставите писмено ."

Претседателот одговори дека ќе биде доставен одговор на барањето.

Претседателот на Совет го стави на гласање Дневниот ред со измените и **Советот едногласно го усвои.**

Претседателот на Совет го стави на гласање предлогот на советникот Сашко Стојиловски и **Советот едногласно го усвои.**

Потоа се мина на работа по усвоениот Дневен ред:

**Точка 11**. **Предлог-Решение за давање согласност на Кварталниот извештај на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за периодот од 01.01.2022г. - 31.03.2022 год.**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Решението за давање согласност на Кварталниот извештај на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за периодот од 01.01.2022г. - 31.03.2022 год.

**Во расправата по точките учествуваа:Павле Биков вработен во ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија**,**Раско Чочков директор на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија, Елизабета Сивова,Томе Кичуков,Петар Апостолов, Софија Тошева-Раманчева ,Сашко Стојиловски,Тодор Ристов,Ѓорге Попов и Миле Атанасов членови на Советот , Андон Сарамандов Градоначалник на Општина Гевгелија.**

Претседателот на Совет го стави на гласање Предлог-Решението за давање согласност на Кварталниот извештај на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за периодот од 01.01.2022г. - 31.03.2022 год и **Советот со 12 гласа за ,4 против , 1 воздржан и 2 не гласале заради судир на интереси ја усвои .**

**Точка 1**. **Предлог-Одлука за утврдување приоритет на проект "Пристапен пат до земјоделско земјиште во КО Мрзенци", општина Гевгелија.**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Одлуката за утврдување приоритет на проект "Пристапен пат до земјоделско земјиште во КО Мрзенци", општина Гевгелија

**Во расправата по точките учествуваа: Тони Николов вработен во општината .**

Претседателот на Совет ја стави на гласање Предлог-Одлуката за утврдување приоритет на проект "Пристапен пат до земјоделско земјиште во КО Мрзенци", општина Гевгелија и **Советот со 12 гласа за и 5 воздржани ја усвои .**

**Точка 2. Предлог-Одлука за давање согласност за намената на инвестицијата"Пристапен пат до земјоделско земјиште во КО Мрзенци", општина Гевгелија.**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Одлуката за давање согласност за намената на инвестицијата"Пристапен пат до земјоделско земјиште во КО Мрзенци", општина Гевгелија

**Во расправата по точките учествуваа: Тони Николов вработен во општината .**

Претседателот на Совет ја стави на гласање Предлог-Одлуката за давање согласност за намената на инвестицијата"Пристапен пат до земјоделско земјиште во КО Мрзенци", општина Гевгелија и **Советот со 12 гласа за и 5 воздржани ја усвои .**

**Точка 3. Предлог-Програма за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште во Гевгелија за 2022 година.**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште во Гевгелија за 2022 година

**Во расправата по точките учествуваа: Димитар Дојчинов вработен во општината, Сашко Јанчев и Златко Митров членови на Советот .**

Претседателот на Совет ја стави на гласање Предлог-Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште во

Гевгелија за 2022 година и **Советот со 15 гласа за , 2 воздржани и 1 против ја усвои .**

**Точка 4. Предлог-Одлука за донесување на техничка исправка на ГП 3.24 и 3.24а од ДУП Блок 16, донесен со Одлука бр.09-267/1 од 28.01.2022 година, општина Гевгелија.**

Претседателот на Совет отвори претрес по точките 4,5,6 и 7.

**Во расправата по точките учествуваа: Ирена Томчева вработена во општината,** Петар Апостолов ,**Александар Пандовски,Сашко Јанчев,Тодор Ристов членови на Советот .**

Претседателот на Совет ја стави на гласање Предлог-Одлуката за донесување на техничка исправка на ГП 3.24 и 3.24а од ДУП Блок 16, донесен со Одлука бр.09-267/1 од 28.01.2022 година, општина Гевгелија и **Советот едногласно ја усвои .**

**Точка 5. Предлог-Одлука за утврдување потреба за прифаќање на иницијативата од барателот за изработка на Урбанистички проект за КП бр.58/1 КО Мрзенци (барател: Димитрула Ангова од Гевгелија).**

Претседателот на Совет ја стави на гласање Предлог-Одлуката за утврдување потреба за прифаќање на иницијативата од барателот за изработка на Урбанистички проект за КП бр.58/1 КО Мрзенци (барател: Димитрула Ангова од Гевгелија),и **Советот со 15 гласа за и 1 против ја усвои .**

**Точка 6. Предлог-Одлука за утврдување потреба за прифаќање на иницијативата од барателот за изработка на Урбанистички план за село за КП бр.1272/1 КО Серменин (барател: Михаил Делов од Гевгелија)**

Претседателот на Совет ја стави на гласање Предлог-Одлуката за утврдување потреба за прифаќање на иницијативата од барателот за изработка на Урбанистички план за село за КП бр.1272/1 КО Серменин (барател: Михаил Делов од Гевгелија) и **Советот со 15 гласа за и 1 воздржан ја усвои .**

**Точка 7. Информација за состојбата со постапувањето по барањата за утврдување правен статус на бесправно изградени објекти во општина Гевгелија.**

Претседателот на Совет отвори претрес по Информацијата за состојбата со постапувањето по барањата за утврдување правен статус на бесправно изградени објекти во општина Гевгелија.

**Во расправата по точките учествуваа: Ирена Томчева вработена во општината.**

**Миле Атанасов член на Совет** даде процедурална забелешка дека во последните триесет минути седницата неможе да се следи во живо и преносот е со многу лош квалитет и го замоли претседателот да се превземат мерки за да се надмине проблемот.

**Тодор Ристов член на Совет** исто така даде забелешка за преносот на седницата и побара наредната седница да се оддржи во општинската сала за Совет.

**Точка 9. Информација за состојбата со занаетчиската дејност во општина Гевгелија.**

Претседателот на Совет отвори претрес по Информацијата за состојбата со занаетчиската дејност во општина Гевгелија.

**Во расправата по точките учествуваа: Ристо Ефтимов претседател на Регионална занаетчиска комора.**

**Точка 10. Информација за состојбата со снабдувањето со вода за пиење во населените места во општина Гевгелија.**

Претседателот на Совет отвори претрес по Информацијата за состојбата со снабдувањето со вода за пиење во населените места во општина Гевгелија

**Во расправата по точката учествуваа: Стојан Воданов вработен во ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија,Виктор Кралев,Александар Пандовски,Билјана Демерџиева и Софија Тошева-Раманчева членови на Совет.**

**Точка 12. Предлог-Решение за измена и дополнување на Решението за усвојување на измените и дополнувањата на финансовиот план за 2022 година на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија.**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Решението за измена и дополнување на Решението за усвојување на измените и дополнувањата на финансовиот план за 2022 година на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија

**Во расправата по точката учествуваа:Благој Картов вработен во општината .**

Претседателот на Совет го стави на гласање Предлог-Решението за измена и дополнување на Решението за усвојување на измените и дополнувањата на финансовиот план за 2022 година на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија и **Советот со 10 гласа за и 3 воздржани го усвои .**

**Точка 13. Предлог-Решение за давање согласност на Годишниот план за вработување на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија за 2023 година.**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Решението за давање согласност на Годишниот план за вработување на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија за 2023 година.

**Во расправата по точката учествуваа:Катерина Ризова вработена во општината .**

Претседателот на Совет го стави на гласање Предлог-Решението за давање согласност на Годишниот план за вработување на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија за 2023 година и **Советот со 11 гласа за и 4 воздржани го усвои .**

**Точка 14. Предлог-Решение за давање согласност на Годишниот план за вработување на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев"- Гевгелија за 2023 година**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Решението за давање согласност на Годишниот план за вработување на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев"- Гевгелија за 2023 година.

**Во расправата по точките учествуваа:Стефан Марковски директор на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев"- Гевгелија.**

Претседателот на Совет го стави на гласање Предлог-Решението за давање согласност на Годишниот план за вработување на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев"- Гевгелија за 2023 година и **Советот со 10 гласа за и 6 воздржани го усвои .**

Бидејки Дневниот ред беше исцрпен Претседателот на Совет ја затвори единаесеттата седница на Советот на Општина Гевгелија

**Записничар,**
**Благој Картов**

**Претседател**
**на Совет на Општина Гевгелија**
**Патрик Матх**